ПРВ СКОПСКИ ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

2018 ГОДИНА

Снежана Јанковиќ
Началник на ПСИО

Содржина на документот

Историја и вовед 2

1.1 Кратка историја за извидништвото 2

1.2 За нас 3

1.3 Мисија и цел 3

1.4 Завет и Извиднички закони 4

2. Преглед на активностите во 2018 година 4

2.1 Еднодневни активности организирани од ПСИО 5

2.2 Повеќедневни настани организирани од ПСИО 8

2.3 Меѓународни активности организирани од ПСИО 9

2.4 Меѓународни активности посетени од ПСИО 10

2.5 Национални активности посетени од ПСИО 10

3. Новости во 2018 години 16

4. Проекти 18

4.1 СОЦИЈАЛНА КОХЕЗИЈА И ИНКЛУЗИЈА НА ДЕЦА СО ПОМАЛКУ МОЖНОСТИ ПРЕКУ ИЗВИДНИЧКИОТ МЕТОД – поддржан од Цивика Мобилитас 18

4.2 ТИ СИ АТРАКТИВЕН, поддржан од Град Скопје, сектор Образование 20

4.3 УЛИЧНИ ИГРИ, поддржан од Општина Центар 21

4.4 ПАТЕНТИРАЈ ПАРТНЕРСТВО, поддржан од Европска Унија, регрантиран од Здружение Конект 22

4.5 МЕЃУКУЛТУРЕН ДИЈАЛОГ ВО ДВИЖЕЊЕ, поддржан од Фондација Отворено општество, Македонија 23

4.6 БИДИ ЕКО, реализиран и поддржан во соработка со ГЕТЕ Институт 24

5. ПСИО во медиумите 25

6. Волонтери во ПСИО 29

Историја и вовед

1.1 Кратка историја за извидништвото

Основачот на Светската Организација на Скаутското Движење (WOSM) е лорд Роберт Стивенсон – Смит Баден Пауел од Гилвел – БП, роден на 22.02.1857 година во Лондон – Англија, (како шесто дете од вкупно десет деца). Останал без татко кога имал само 3 години.

Првото образование го добил од својата мајка а подоцна го посетувал училиштето Rose Hill School. Таму добива стипендија и образованието го продолжува (на 13 годишна возраст) во колеџот Чартрхаус. Според крајните резултати БП немал високи оценки во училиштето. Неколку години по завршување на колеџот БП пристапува во армијата каде што го примаат во конкуренција од 700 кандидати. По завршување на академијата во 1876 година на 19 годишна возраст, го испраќаат како поручник во Индија. Таму тој останува цели 10 години каде што развива свои вештини да набљудува, да се крие, да живее под отворено небо, да се грижи сам за себе. Подоцна заминува во Јужна Африка, од 1899-1901 година само со илјада војници под своја команда каде БП успешно ја води одбраната на градот Меифкинг. Градот е ослободен по пристигнувањето на воената помош, а БП епрогласен на национален херој. На 42 годишна возраст унапреден е во генерал-мајор. Ја организира полицијата во чиј состав влегуваат луѓе кои се способни да се движат по траги, да прават скици на места и објекти, да набљудуваат, да забележуваат и да работат со чувство на одговорност. Врз основа на стекнатото искуство ја напишал својата прва книга „Помош за извидништво“ (AIDS TO SKAUTING). Пишувал и за тамошните деца кои му помагале за пренесување пораки, давајќи прва помош на ранетите и на многу слични начини. Во тоа ја препознал желбата на момчињата да направат нешто корисно, активно да придонесат за својата земја и за нивната желба за авантура. Следниот чекор го направил на 29 Јули 1907 година со 22 (дваесет и две) момчиња- синови на свои пријатели и деца од квартот каде живеел, БП оди на кампување на островот Браунси во заливот Пуул кај Дерсет-Јужна Англија. Тој е првиот скаутски камп, кој било предвидено да трае 7 дена но продолжил и траел 10 дена, затоа што момчињата не сакале да се вратат дома. Целта на кампот била момчињата да зајакнат физички и да се научат да помагаат на другите, како да се прехранат во природа, сами да бараат и да откриваат. Ги поделил во четири патроли: Бикови, Гаврани, Овни и Волци. Импресиониран

од воодушевувањето на децата кои биле во кампот сето тоа го публикувал по една година (1908) во книгата „Извидништво за момчиња“(SCOUTING FOR BOYS). Во 1929 година за заслугите што ги имал за младите во светот воопшто, од Британската круна ја добива титулата барон и станува познат како Лорд Баден Пауел од Гилвел. Неговата сопруга во 1930 година е избрана за претседателка на Светското женско скаутско движење. Двајцата биле родени на ист датум 22.02 и по тој повод од 1926 година овој датум се прославува како Светски ден на извидниците, познат под името ден на Баден Пауел односно Thinking Day.

Тој се разделува од движењето во 1937 година за време на Светското Џамбори во Холандија пред 28 000 илјади извидници од целиот свет. Заминува во градот Ниери , Кенија каде умира на 08 Јануари 1941 год. а, последните зборови му биле БИДИ ПОДГОТВЕН (термин кој станал поздрав на извидниците).

1.2 За нас

Прв Скопски Извиднички Одред (ПСИО), уште познат како ИО Маршал Тито, е најстариот извиднички одред во Република Македонија. Формиран е есента 1952 година, за подоцна во 1953 година да се регистрира во Сојуз на Извидници на Македонија (СИМ). Во текот на годините ПСИО го има променето своето име во чест на некогашниот претседател на тогашна СФР Југославија Маршал Јосип Броз Тито, но по осамостојувањето на Република Македонија извидничкиот одредот го враќа примарното име во Прв Скопски Извиднички Одред.

ПСИО е дефиниран како невладина организација, самостојна, неполитичка, непрофитна, доброволна и воспитна организација за деца и млади, отворена за сите без оглед на националната или верската припадност. ПСИО е дел од Светското извидничко движење (WOSM) и како таков опстојува и се темели на основните вредности на Извидништвото.

Во нашето извидничко друштво, членуваат преку 120 активни извидници кои се категоризирани во повеќе возрасни групи. Извидниците од 7 до 10 години се во група на јато и се нарекуваат развигорци, од 11 до 14 години тие влегуваат во патрола и се нарекуваат помлади извидници, од 15 до 21 година формираат младински клуб на извидници и се нарекуваат истражувачи и над 21 година извидниците се нарекуваат ровери. Во ПСИО извидниците се распределени во 5 јата, 4 патроли, 2 клуба на средношколци и 1 клуб на ровери кои се водени од свои водачи, волонтери.

1.3 Мисија и цел

Мисијата на извидничкото движење е да се придонесе во образованието на младите, преку систем на вредности врз основа на извидничиот Завет и Закони, да помогнат да се изгради

еден подобар свет, каде што луѓето се самоисполнети како индивидуи и имаат конструктивна улога во општеството. Ова се постигнува со вклучување на младите во неформалниот образовен процес преку користење на специфичниот извиднички метод што го прави секој поединец главен агент во неговиот или нејзиниот развој. Мисијата е усвоена на Светската Извиднички конференција во Дурбан, Јужна Африка во 1999 година.

Целта на ПСИО е да влијае врз физичкиот, афективен, креативен и социјален развој на децата и младите преку извидничкиот метод кој се темели врз завет и закони, учење преку работа, личен развој, работа во мали групи, поддршка од возрасните, симболичка рамка и сето ова преку следење на основните извиднички принципи:

1.Обврска кон себе
2.Обврска кон другите
3.Обврска кон духовниот развој

1.4 Завет и Извиднички закони

Завет

„Давам чесен збор, дека ќе ја запознаам и сакам својата татковина Република Македонија дека ќе ја прифатам духовната реалност и ќе го барам нејзиното потполно значење, дека секогаш ќе им помагам на луѓето, дека ќе живеам и работам по извидничките закони“.

Развигорски закони

1.Развигорецот е добар пријател, храбар и чесен;
2.Развигорецот ги почитува своите родители и постарите;
3.Развигорецот добро учи, вреден е и несебичен.

Извиднички закони

1.На извидникот му е чест да му веруваат
2.Извидникот е корисен
3.Извидникот е добар другар
4.Извидникот е учтив
5.Извидникот е оптимист
6.Извидникот е верен и одговорен
7.Извидникот постојано учи и ги применува стекнатите знаења
8.Извидникот ја цени природата
9.Извидникот ги цени и развива духовните и културните вредности
10.Извидникот е чесен во мислите, зборовите и делата

2. Преглед на активностите во 2018 година

ПСИО во 2017 година зема активно учество, како и реализација на многу активности, чија цел беше промоција на извидниците како дел од општеството кое се грижи и создава здрава околина за граѓаните, едукација на децата и младите, како на локално, така и на национално ниво, младинска застапеност, стекнување на нови вештини и создавање подобар свет.

2.1 Еднодневни активности организирани од ПСИО

1. Свечено давање извиднички завет - 18.01.2018 година

Традиционално на секое извидничко зимување новите извидници свечено дадоа Извиднички завет и чесен извиднички збор дека ќе живеат и работат по извидничките закони. Некои повеќе од три месеци го чекаа овој момент за конечно на својот врат да ја стават ПСИОвската марама и да го изгорат дрвцето изрезбано со своето име. Заради екстремно ладното време, годинава Заветот се даде во затворена просторија, но оганот сепак беше тука.

2. Хуманитарни акции по повод Светскиот ден на извидниците 22 Февруари

И оваа година извидниците од Прв Скопски Извиднички Одред беа дел од акцијата „Направи добро дело 2018“ која беше поддржана од Сојуз на извидници на Македонија по повод Светскиот ден на извидничкото движење 22 февруари и раѓањето на основачот на извидништвото Роберт Баден Пауел.

Посветеност за општествено корисни активности и определбата за вклучување на извидниците од сите возрасни категории придонесоа за голем одзив кај сите наши членови, кои максимално се потрудија сите активности да бидат успешни но и многу атрактивни.

Активностите се одржаа во различни денови во периодот од 15 до 24 февруари 2018 година.

Извидниците од клубовите Игуани и Лемури годинава ги посетија и се дружеа со средношколците од ДУЦОР „Партенија Зографски“ – Скопје. Своите старо - нови пријатели ги обучија како да користат лак и стрела, кои се извидничките јазли и нивната примена, а им ги пренесоа и своите искуства во поставување на шатор како дел од извидничката опрема.

И патролата Рисови беше активна и своето добро дело го посветија на уличните кучиња, обезбедувајќи им храна во овие ладни денови. Во ова хумано дело им се придружија и развигорците Каја, Шериф и Тео кои изразија желба да бидат дел од оваа интересна активност. Веста за ова добро дело медиумски ја подели и Светската извидничка организација како пример – што се активни извидници и грижа за заедницата.

Пред 3 години не нарекоа Робин Худ на денешницата и не сакаме да го изгубиме епитетот. И оваа година традиционално подготвуваме сендвичи во Домче и излеговме да ги поделиме на гладните по скопските улици. Сендвичите се делеа низ центарот на градот, под Камени мост, низ чаршијата, но дел оставивме и во Соборниот храм. Титулата Робин Худ на денешницата оваа година им припадна на јатото Коприви и водачот Ивана, која ниту една година не го има пропуштенпо овој гест.

Развигорците од јато Бонсаи беа во мисија за уште едно добро дело. Тие беа во посета на Домот за деца без родители „11 Октомври“. Извидниците организираа многу активности за нивните другари меѓу кои врзување јазли, кревање на шатор и секогаш најинтересното стреличарство. Огромно браво за нашите развигорци од јато Бонсаи, кои беа водени од нивниот водач Софија со поддршка од Сара и Николај.

Годинава, јато Фикуси го посети дневниот центар за деца на Меѓаши во населбата Аеродром. Во оваа институција сме прв пат и запознавме многу нови деца со

извидништвото во Македонија и со активностите кои ги правиме. Им покажавме неколку интересни извиднички вештини, но организиравме и кул полигон кои го минуваа преку натпревар. Среќата и насмевките ни се доказ дека навистина одлично си поминаа сите. Огромно браво за јато Фикуси нивниот секогаш подготвен водач Чаки како и Бојан Ѓошев кои го направија овој ден супер забавен.

Соработката низ изминатите години ја продолжуваме со нашите извидници од Дневниот центар за деца од улица во Шуто Оризари. Како дел од активностите за добро дело патрола Бувови оствари супер дружба кај овие деца со кои покрај нови игри, ги научивме на вештината сигнализација преку семафор – со помош на извиднички знаменца.

Патрола Лилјаци своето добро дело го посвети на дружењето со децата од „Трисомија 21“, здружение за лица со Даунов синдром. Заедничкиот ден го поминаа во градскиот парк учејќи шаторизација и вештина за стреличарство. Сите ние сме исти и заслужуваме еднаков третман е чувството на нашите извидници кои се дружеа во паркот. Голема благодарност до Маг, извидник волонтер од Франција и Чаки кои помогнаа да се реализира оваа активност.

Меѓу низата акции за Добро дело спроведени од ПСИО, традиционално СИМ организираше Дарување крв со што им даде можност на сите хумани луѓе да помогнат. На оваа акција голем одзив имаше и од родителите на извидниците и сите волонтери кои безресервно им помагаат во мисијата при правење на светот подобро место за живеење.

Целата акција „Направи добро дело“ и прославата на Светскиот ден на извидништвото заврши со централен настан кој се одржа во градскиот парк во Скопје. Патрола Кобаја и јато Бамбуси на овој настан подготвуваа вкусни колачиња и чај кои ги делеа на сите присутни извидници и останатите посетители во паркот. На централниот настан учествуваа над 80 извидници од нашиот одред, кои се забавуваа на разни работилници.

Линкови до целосните албуми од сите акции:
1. Клуб Игуани & Лемури Добро дело 2018
2. Јато Коприви Добро дело 2018
3. Јато Бонсаи Добро дело 2018
4. Јато Фикуси Добро дело 2018
5. Патрола Рисови Добро дело 2018
6. Патрола Бувови Добро дело 2018
7. Патрола Лилјаци Добро дело 2018

3. Ноќен хајк до врв Водно – 01.02.2018
4. Акција за бришење на говор на омраза 16.04.2018

5. Пролетни бакнежи, прегратки 02.06.2018

Оваа година на 2 јуни Прв Скопски Извиднички Одред традиционално 12та година по ред ја организираше акцијата Пролетни бакнежи, прегратки 2018 со под тема Улични игри со целосна поддршка на Општина Центар - Официјална фан страница. Акцијата беше од натпреварувачки и едукативен карактер а целеше да вмрежи 200 деца од Скопје меѓу кои и оние со помалку можности благодарение на Civica Mobilitas. Сите деца беа поделени во екипи од 4ца и требаше да поминат 11 различни контролни точки кои беа поставени во Градски парк околу Големото езеро. За целата организација да тече во најдобар ред се грижеа повеќе од 30 млади волонтери – извидници од најстариот извиднички одред во Македонија. Започнувајќи од стартот екипите се натпреваруваа со стрелање со лак и стрели, олимпијада, народна, скокање на јаже, познатата француска извидничка игра „маус“, читање пораки од уста, тестови по извидништво и општа култура, белгијанска улична игра „молки“, супер забавен полигон со слеклајн, школка, јазли и погоди ја метата. Како специјални гости оваа година ги имавме и средношколците од Grad Skopje кои беа дел од акцијата Ти си атрАКТИВЕН поддржана од Секторот за образование. Најуспешните извидници – екипи беа наградени со медали, додека прво освоеното место освои пехар за спомен на уште една одлично организирана активност од страна на ПСИО.На 15.12.2018 и оваа година нашите клубови Игуани и Гоблини организираа работилница наменета за сите извидници од ПСИО која беше поддржана преку одредски грант на ПСИО и Peace Corps волонтерот Chris. 10те волонтери одржуваа три посебни работилници на кои извидниците имаа можност да се запознаат со новите вештарства кои ги воведовме во нашиот одред: Грнчарство, Извидник научник и Плетење, а воедно и да ги полагаат. Забавно искористен ден исполнет со смеа и покрај малите временски непогоди, многу дружба помеѓу 50те учесници од ПСИО.

6. Забава – Ноќ на вештерките 31.10.2018

И извидниците од ПСИО го искористија 31 октомври како повод за одлична журка под маски. 70тина извидници се собраа во Нано Бар каде се забавуваа со активностите организирани од водачите, караоке и секако највозбудливото прогласување за најдобро маскиран извидник - Анастасија Митревска.

7. ПСИО работилници за нови вештини – 15.12.2018

На 15.12.2018 и оваа година нашите клубови Игуани и Гоблини организираа работилница наменета за сите извидници од ПСИО која беше поддржана преку одредски грант на ПСИО и Peace Corps волонтерот Chris. 10те волонтери одржуваа три посебни работилници на кои извидниците имаа можност да се запознаат со новите вештарства кои ги воведовме во нашиот одред: Грнчарство, Извидник научник и Плетење, а воедно и да ги полагаат. Забавно искористен ден исполнет со смеа и покрај малите временски непогоди, многу дружба помеѓу 50те учесници од ПСИО.

2.2 Повеќедневни настани организирани од ПСИО

8. Зимски едукативен извиднички камп – 15-19.01.2018

Од 15 до 19 јануари фамилија ПСИОвски со околу 70 извидници својот зимски камп го поминаа во планинарски дом Смрека на прекрасната Шар Планина. На зимувањето имавме извидници од јато Кактуси, Фикуси, Копривиˌ Бонсаи и Бамбуси, од патролите Рисови, Кобаја, Лилјаци и Бувови и клубовите Игуани и Гоблини. Извидниците имаа шанса да учат да скијаат, оние кои веќе знаеа да одат на терени со нашите водачи, да прават игло од снег, да се натпреваруваат во снежни дисциплини, да учат пионерство преку изработка на минијатури, да се натпреваруваат во различни математички и логички игри, да учат семафор и секако да полагаат многу вештарства како што беа готвење, декодирање, познавање на извидништво, јазли, курир и слично. Како и секоја година тргнавме со полни куфери, се вративме со празни но сите на број среќни, живи и здрави и со многу нови работи научени. Вечерите ни беа исполнети со квизови и кино. На зимувањето свечено дадоа Завет и нови 20тина извидници кои конечно го запалија стапчето со своето име, дадоа чесен извиднички збор дека ќе живеат и работат по извидничките закони и ја добија својата извидничка марама.

9. Патролен викенд во шума, Рисови шетаат – 23-24.02.2018

10. Викенд за зајакнување на тимот – Китка, Мала Река 30.03-1.04.2018
11. Пролетен извиднички бивак 28.04-1.05.2018 година

Во период од 28 април до 1 мај, речиси 90 извидници од ПСИО заедно поминаа авантуристички денови на планината Китка во дворот на нашето Шумско Домче. Деновите ни беа исполнети со многу различни активности. Нашите извидници имаа можност да научат како се крева шатор, како се прави бивак, да палат оган, да прават патенти, да се натпреваруваат. На 29 мај имавме и организирана акција за чистење на околината на Мала Река, каде заедно со жителите успеавме да собереме многу ѓубре. На 30 мај се поделивме во две групи и заминавме на хајкови кои беа исполнети со поминување и градење мостови на

река, искачување на стрмно брдо, уживање во глетката на блискиот водопад и многу песни и игри по пат. Исто така извидниците имаа можност да учат ориентација во природа, но и да полагаат јазли, извидничка култура, пионерство и стреличарство. Вечерите ни беа исполнети со забава и дружба покрај логорски оган кој го користевме и за подготвување вечера, банани со крем, манчмалоу во бисквити и сл.

12. Летен камп ИЦО 22-25.07.2018

Веднаш по 12тата Смотра на СИМ, нашиот одред организираше уште еден краток камп во Извиднички Центар Охрид, на кој извидниците имаа можност да го усоврчуваат пливањето, да веслаат, да готват и секако да се забавуваат покрај логорскиот оган.

13. Есенски бакнежи, прегратки
14. Есенски извиднички бивак 10-14.10.2018

Во период од 10 до 14 октомври Прв Скопски Изввиднички Одред традиционално го спроведе есенскиот бивак. Оваа година бевме на Китка планина во извидничката куќа на ПСИО - Шумско Домче. На настанот присуствуваа 60тина извидници и од ПСИО и 12 од ИО ММ Брицо. Благодарејќи на одличното време сите денови беа исполнети со активности на отворено. Покрај интересните натпревари и тимски игри, се изучуваа јазли, стреличартсво, видови огништа и палење оган со магнезиум, ориентација и секако пионерството како работилница поддржана од Европска Унија - дел од проектот Патентирај Партнерство кој го спроведува ПСИО. Вечерите беа исполнети со КЗП, но и со најинтересното и највкусното манчмелоу на оган со бисквити и крем.

15. Викенд за зајакнување на младите, Китка, Мала Река 26-28.10.2018

2.3 Меѓународни активности организирани од ПСИО

16. Младинска извидничка размена од програмата Ерасмус+

Во период од 5 до 9 јули 2018 год. во организација на ПСИО се одржа младински камп со извидници од Македонија и Белгија. Меѓу учесниците имаше и млади со помалку можности кои добија можност да уживаат во програмата и креативните работилници

креирани за овој камп, а помогнати од проектот Патентирај партнерство финансиран од Европска Унија.

2.4 Меѓународни активности посетени од ПСИО

17. The 8th International Scout Gathering, Sharjah 01-10.02.2018 година

Во период од 1-10/2/2018, во Sharjah, Обединети Арапски Емирати се одржува 8 меѓународен собир на извидници од целиот свет под мотото Sharjah- the World Capital of Book. Настанот има за цел да се види и доживее автентичната арапска култура, наследството и секако да ги собере извидниците на едно место на кое можат слободно да ги споделат и разменат своите искуства. Главните цели на собирот се: • Зајакнување на врските на пријателството и братството меѓу извидниците од сите страни на светот. • Градење капацитети на извидниците и поттикнување размена на културни вредности. • Да се запознаат со важноста на читањето. • Да се запознаат со обележјата на Шаржа како што е модерната архитектура,традиционални куќи, плоштади. владини канцеларии, различни музеи, универзитети и други научни и културни тела. Нашиот Сојуз на Извидници на Македонија е претсатвуван од активен долгогодишен извидник и посветен водач од ПСИО - Димитар Чакар, Чаки

18. Камп за лидери и имплементација на програма за диверзитет, Франција 22-31.07.2018
19. Overture Diversity Network Meeting 2018, Виена 09-11.11.2018
20. CubNet and ScoutNet 2018 - Луксембург

2.5 Национални активности посетени од ПСИО

21. Централен настан по повод Светскиот ден на извидниците 22 Февруари

На 24.02.2018, по повод Светскиот ден на извидниците, во Градскиот Парк беа организирани разни забавни активности и игри, меѓу кои и Лов на богатство. На настанот беа присутни повеќе од 100 извидници

22. Сојузување - настан наменет за вмрежување на извидничките одреди

Викендот, 09-11.02.2018, во Извидничкиот Центар во Охрид се одржа средба за старешини, началници и водачи. Целта на настанот беше да се поврзат извидничките одреди во Македонија и да се вклучат во меѓусебна соработка и споделување на информации и практики за да се зголеми нивото на заеднички активности или да се зајакнат истите. Викендот беше исполнет со различни активности, едукативни работилници, дискусии и споделување на искуства и размислувања, како и чистење на плажата на Извидничкиот Центар.

23. Направи добро дело – Дарувај крв
24. Младинска Академија 2.0

Младинската академија - Цели за одржлив развој, се одржа во Извидничкиот Центар во Охрид од 4 до 9 Април 2018 год. На овој настан се обработуваа темите од Целите за одржлив развој преку креативни работилници и активности. Учесниците имаа можност да посетат работилници како: - Добро здравје и сексуална едукација, - Онлајн безбедност, - Родова еднаквост, - Намалени нееднаквости, - Пермакултурна градина и - Извидничката улога во биодиверзитетот. - Инклузија и диверзитет, - 'Паметни' градови, - Зелена енергија, - Што за вас значи 'мир'? и др. Им благодариме на сите што учествуваа и се надеваме дека си поминаа супер! :) Младинската академија е настан поддржан од РЕЦ Македонија и Austrian Development Agency.

25. Поздрав на пролетта – 24.03.2018

На 24 март 2018, 45 извидници односно 9 екипи заедно со своите водачи од Прв Скопски Извиднички Одред заминаа во Свети Николе, извиднички дом Орел, каде ја испратија зимата и ја пречекаа пролетта. Многу сонце, малку мрежа ни овозможи да се натпреваруваме заедно со уште 10тина екипи од други одреди и да го освоиме 2то и 3то место. Им честитаме на одредите домаќини за успешно реализираната активност и пред се за точноста. Наши гости на овој настан беа Алекс и Крис од #PeaceCorpseMacedonia кои исто така имаа можност да уживаат на прекрасното време како да соберат некоја информација плус за извидништвото во Македонија.

26. II Коло извидничка лига – ориентација 20-22.04.2018

Во период од 20 до 22 април во извиднички дом Брезица се одржа II Коло извидничка лига. Домаќин на ова кола чија тема беше ориентација во природа беше ИПО Јадран. ПСИО зема активно учество со 2 екипи во категоријата извидници и освои 5 и 1 место.

27. Фестивал на отворено – Демир Капија 18-20.05.2018

Трета година по ред извидниците од Прв Скопски Извиднички Одред го посетија најдобриот настан на годината - International Outdoor festival Demir Kapija 2018. 40тина извидници од ПСИО уживаа од 18 до 20 мај во Демир Капија каде имаа можност да се качуваат на природна карпа, да поминат одличен хајк низ прекрасната природа, да вежбаат зумба, да играат фризби и да се забавуваат на најлудата журка која ни ја организираа организаторите. Како и секоја година не чуваа и се грижеа за нашата безбедност и се што ни е потребно за нашиот престој во природа. Огромна благодарност до Игор, Јоцо, Тошо, Рики, Алекс, Коки и сите кои се покажаа дека се луѓе со огромни срца и трпение кон нашите извидници.

28. V Коло извидничка лига - Водени лудории 12.06.2018

На 12 јуни 2018 ИПО Галеб традиционално ја спроведоа својата акција Водени како дел од Извидничката лига на СИМ. Фамилија ПСИОвски зема активно учество со 8 екипи во 3 категории и го освои 3тото место за развигорци и 2то и 1 место во категоријата извидници. Покрај натпреварувачкиот карактер на акцијата сите 35 извидници од ПСИО заедно со другите ИО поминаа прекрасен ден на базен.

29. Тренинг за диверзитет и инклузија во извидништвото 24-27.05.2018

Прифаќање на различностите и нивната инклузивност во извидничката програма е тоа што не прави уникатни. Четиридневен тренинг исполнет со забава, практични примери и активности.

30. Камп за лидери и имплементација на програма за диверзитет 09-13.07.2018
31. 12 Македонска извидничка Смотра на СИМ 14-22.07.2018

Во периодот 14-22.07.2018 во Охридското село Скребатно се одржа 12-та Извидничка смотра, на која учествуваа 1.200 млади од Македонија и светот. Извидници од Белгија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Германија, Израел, Македонија, Молдавија, Русија, Словачка, Словенија, Србија, Украина, Франција, Хрватска, Црна Гора и Чешка се дружеа и учеа нови вештини, но имаа и можност да се запознаат со преубавата живописна природа на селото Скребатно кое се крие во падините на прекрасната Галичица, во непосредна близина на манастирот „Света Богородица“. Нуркаа и пливаа во водите на Охридското Езеро, ги посетија Струга и Охрид и се воодушевуваа во убавиот поглед на езерото Глобочица. За време на свеченото отворање на 12-та Извидничка смотра, 15.07.2018, свое обраќање до присутните имаа Претседателот на Република Македонија, г. Ѓорѓе Иванов, амбасадорот на САД во Македонија, г. Џес Бејли, како и францускиот амбасадор, Кристијан Тимоние. За време на целиот овој период, младите и извидниците од Македонија и ширум Европа имаа можност да се дружат меѓу себе, да запознаат различни култури и традиции и секако да си заминат

со убави сеќавања и познанства кои траат цел живот. Сето тоа беше реализирано преку богата програма и разнолика листа на активности, кои ги продлабочија извидничките способности и вештини, дел од нив на копно, а дел од нив во и на вода, пружајќи им незаборавни искуства и на оние кои учествуваа во истите, но и на оние кои ја следеа ваквата дружба.

32. VIII Коло од Извидничка Лига – С. Голозинци, Велес 07-09.09.2018

Извидничкиот одред "Димитар Влахов" од Велес, во периодот од 07 до 09.09.2018 година, ги организираше традиционалните 33-ти Средби на извидници во близина на Извидничкиот центар "Голозинци" во с. Голозинци, Општина Чашка. 33-те Извиднички средби беа од меѓународен карактер, на кои имаше и гости од Република Србија, поточно од Ниш и Шид. Во рамките на средбите беа организирани натпревари во рамките на VIII-то коло на Извидничката лига на СИМ, на кои учествуваа одреди од: Скопје, Свети Николе, Куманово, Прилеп и Штип.

33. Обука за градење капацитети РИКО – 11-14.09.2018

Локалната филијала на РИКО во Македонија организираше четиридневна обука за градење капацитети за проектирање на проекти во областа на мобилност, соработка и активизам на младите во Западен Балкан, во која активно учество зема и нашиот извидник Софија Илиевска. Обуката се одржа од 11 до 14 септември во Крушево, Македонија и се собраа 33 претставници од средните училишта и неодамна основани граѓански организации. Настанот има за цел да им обезбеди на учесниците вештини за пишување на проекти, но исто така и развој на проекти кои се занимаваат со приоритетите на RYCO – интеркултурно учење, справување со минатото, учество на младите и социјално вклучување. Целта на обуката беше да се обезбеди подобар квалитет на идните проектни предлози за отворени повици на RYCO, но исто така и на други фондации кои работат во регионот. Понатаму, обуката беше можност за вмрежување и градење на партнерства помеѓу учесниците, како и размена на искуства и практики од страна на врсници.

34. Септемвриски Извиднички Средби, 65-години постење на ИО „Мирко Милески“

Во период од 14 до 16 септември ИО Мирко Милески го организираше најдобриот извиднички натпревар за сите категории извидници. ПСИО зема активно учество со 9 екипи, односно вкупно 46 извидници.

35. Камп – основи на извидништвото- септември 2018

Целта на кампот беше да се запознаат младите луѓе со извидништвото и да им овозможи да се стекнат со основните извиднички вештини. Преку 100 млади се стекнаа со нови вештини како: врзувањето на јазли, логорски оган, рафтинг, кампување, стреличарство и сл. На овој настан учествуваа извидници и волонтери од Извиднички Одред Еквинокс - Штип - Scout Group Equinox Shtip , First Scout Unit of Skopje, Macedonia, Сојуз на извидници на Македонија - Scout Association of Macedonia., Armonija Vinica и Извиднички Одред Ластовица – Кочани

36. Државен Извиднички Ориентационен Натпревар – 11-14.10.2018

Во периодот 11 – 14.10.2018 во село Пелинце, Старо Нагоричани, се одржа Десеттото коло од извидничката лига и воедно Државниот извиднички ориентационен натпревар – ДИОН, за време на кој извидниците од разни одреди ширум Македонија и различни категории имаа можност да се дружат, натпреваруваат и освојат награди. Се натпреваруваа Извидници, Истражувачи и Ровери во различни дисциплини кои беа дел од сите претходни кола на Извидничката лига, додека Развигорците се натпреварува посебно од извидничката лига во основни извиднички вештини, како: јазли, полигонски игри, рачна изработка, снаодливост, загатки, скриени вештини, снаодливост итн.

Оваа година извидниците од ПСИО го земаа првото место и беа прогласени за шампиони во категорија извидници.

37. Европска извидничка Академија 30.10-04.11.2018 година

Во периодот 30.10 – 04.11.2018 во хотел „Континентал“ Скопје се одржа Европската извидничка академија на која учествуваа преку 200 млади и извидници од 40 европски земји. Во склоп на академијата беа одржани повеќе од 40 работилници кои беа водени од разни експерти ширум Европа. За време на интернационалната вечер, извидниците имаа можност да ја претстават земјата од која доаѓаат, вкусните јадења и пијалоци кои потекнуваат од нивното поднебје, а некои од нив дури и традиционалните носии. Националата вечер, а воедно и свеченото затворање на Европската извидничка академија беше резревирано за македонската традиционална трпеза, македонските танци и песни.

Како и секојпат, гостите беа воодушевени од храната и пијалоците и си заминаа сити и среќни.

На 31.10.2018 година, во хотел „Континентал“ се одржа свеченото отворање на Европската извидничка академија, на кое присуствуваше и Претседателот на Република Македонија, г. Ѓорге Иванов, кој на Сојузот на извидници на Македонија му го додели признанието „Повелба на Република Македонија“, по повод 65 години од неговото основање како самостојно здружение на граѓани за деца и млади, а особено за исклучителниот придонес за развојот на младите луѓе во Македонија преку промовирање на извидничките вредности и принципи.

38. Национален форум: Ние, двигателите на промени! Цивика Мобилитас 30.11-01.12
39. ИПО „ГАЛЕБ“ и развигорците во „извидникот во земјата на чудата“ 24.10.2018

Секое дете има бујна фантазија како и Алиса во земјата на чудата, па имајќи го тоа предвид, ИПО „Галеб“ го искористи убавото сончево време и на 24.10.2018 г. во Катлановo ја организираше акцијата „Извидникот во земјата на чудата“, на која освен извидниците од ИПО „Галеб“ учествуваше и јатото „Трски“ од Првиот Скопски Извиднички Одред.

40. Сојузување – унапредување на внатрешни структури на одредите 09-11.11.2018

Викендот 09 – 11.11.2018 г. во Извидничкиот центар Охрид во соработка со данската организација Asocio се реализираше настанот Сојузување, како дел од Проектот „Јакнење на корените“ кој е поддржан од Македонскиот центар за меѓународна соработка – МЦМС, а кој има за цел унапредување на внатрешните структури на управување на Сојузот на извидници на Македонија, како и воспоставување на процедури и практики за добро управување на органите на Сојузот на извидници на Македонија. Целта на Asocio е да им даде можност на децата и младите ширум светот да добијат подобри можности за развој на нивниот целосен потенцијал, без разлика на нивното минато и потекло. За таа цел, оваа данска организација се занимава со тренирање на нови лидери во извидништвото, истовремено поддржувајќи го тренингот на

лидери и развојот на извидништвото во целиот свет, вклучувајќи ја тука и нашата земја. Учесниците на овој тренинг, 30 извидници од различни извиднички одреди од повеќе градови во Македонија, под менторство на искусни тренери од Asocio ја развиваа новата тренинг структура на Сојузот на извидници на Македонија. Се развиваше содржината на системот за обука на СИМ, додека во наредниот период, тимот учесници ќе се фокусира на детализирање на рамката и креирање методологии.

41. Извидниците за својот град 17.11.2018

Извидниците за својот град 2018 е традиционален натпревар во организација на ИО Браќа Миладиновци. Секоја година се одржува по повод 13 Ноември - Ден на ослободувањето на Град Скопје. Оваа година на настанот присуствуваат голем број извидници не само од Скопје, туку и од Велес, Штип, Виница, Куманово...а Прв Скопски Извиднички Одред дури со 60тина членови распоредени во 12 екипи и своите водачи.

42. Волонтерска прослава 15.12.2018
43. Предновогодишна забава за сите извидници 29.12.2018

И оваа година благодарение на ИПО Галеб сите извидници од Скопје, Куманово и Прилеп се журкаа на предновогодинешната забава во клуб Маракана на тема разиграни 20ти. Прекул облека, одлични перформанси, многу забава, музика и предизвици ја исполни забавата и ја заокружи 2018тата година како една од поуспешните извиднички години. Од ПСИО се забавуваа повеќе од 50 извидници, а ги понесовме и титулите мис и мистер Неда и Тео.

3. Новости во 2018 години

И во 2018 година со чест и задоволство примивме нови 30тина извидници кои беа поделени во нови 2 јата, Трски и Орихидеи, со што добивме и нови водачи – Николај Василев, Мартина Тасева и Зоран Ристовски.

Оваа година исто така доделивме уште некој тотем. ТОТЕМ во извидничката кариера е нешто ново кое започнуваме да го имплементира, а претставува важен момент во извидништвото во повеќе држави. Наш ментор во спроведувањето е извиднички одред од Белгија. Тотемите носат имиња на животни (за кои одлучивме ќе ги задржиме оригиналите, без превод), а се доделуваат според заедничките карактеристики со извидникот, кои пак ги следат поискусните извидници. Тотеми добиваат сите извидници - водачи од страна на извидник кој веќе има свој.

ПСИО во 2018тата го зголеми семејството на пријатели и поддржувачи на извидниците. Благодарение на Neotel MKD нашето Домче доби интернет со кој ќе се овозможи поефикасна работа, комуникација и секако да следи и биде во тек со сите новости кои се случуваат.Неотел ДОО е телекомуникациски оператор формиран во 2004 година со македонски капитал од страна на реномираната ИТ компанија, Неоком АД.

Во 2018тата година имавме чест да ни се придружи и волонтер од Америка од програмата Мировен Корпус со кого покрај имплементација на низа активности, на сите наши членови им понудивме редовни бесплатни часови по англиски јазик. Формалното образование е секогаш на прво место и заради тоа сакаме да помогнеме.

И оваа година бевме многу застапени на сите медиуми, а снимивме и видео на кое нашите извидници порачуваат дека добрината не се мери со пари. Видеото го изготвија нашите пријатели МИМ – а достапно е тука.

Горди сме да се пофалиме дека нашите членови извидници се усоешни на сите полиња со што ни се докажува нашата мисија и цел дека создаваме вредни и корисни граѓани. Имено нашиот извидник Иван Велкоски победи на националниот натпревар на Ред Бул и заедно со 2 врсници замина на пат до Холандија до каде требаше да стигнат само со лименки. Секако снаодливоста и истрајноста се еден од главните атрибути кои извидништвото ги развива кај младите. Сакаме да се пофалиме и со нашата Софија Илиевска која годинава го освои 3тото место на државниот натпревар по уметничко лизгање на мраз.

Преку нашата неуморна работа во 2018 година успеавме да реновираме дел од нашата извидничка куќа во Мала Река, Китка и да ја опремиме со ново ќумбе и кревети на кои можат да спијат 35 извидници.

Со поддршка и донации од други пријатели на извидниците нашиот одред доби нови вреќи на спиење и изомати кои ќе им служат на нашите извидцници во новите авантури кои ги очекуваат во 2019 година.

Нашата посветена работа со децата од СОС Детското село во 2018 година ја закруживме со Меморандум за соработка преку кој се зајакна соработката и меѓусебната доверба.

Извидничка година не може да помине без надоградување на извидничката програма и вештинити кои се здобиваат. Така во 2018 година воведовме нови вештини кои треба да ги добијат нашите членови и тоа: правење и разбирање експерименти, плетење со волница, моделирање со глина, познавач на извидничката историја и општа култура.

ПСИО и во 2018 година инвестираше и закупи приколка во Извиднички Центар Охрид која беше на располагање и на користење на сите членови на нашиот одред.

Исто така нашите извидници се опремија со нови шатори, шатор тенда, креветчиња за во шатори, нови лак и стрели за развигорци, слеклајн и уште

многу реквизити кои ни помагаат програмата да се одвива секогаш забавно и иновативно.

Од 2018та година официјално ја променивме и бојата на кошулите во сива, но изработивме и нова долна униформа панталони и сукњи кои се достапни во нашиот одред за сите членови на ПСИО. Како и секој настан и годинава благодарение на нашите волонтери создадовме нови амблеми кои извидниците ги добиваа по секој завршен настан.

Огромна благодарност до нашите пријатели и поддржувачи кои и во 2018 година беа тука за да ни помогнат: Жито Лукс, Ладна вода, Триглав, Ин Брокер и Данаи фарм.

4. Проекти

Во 2018 година продолживме со аплицирање и спроведување на проекти на локално ниво, но благодарение на нашата посветена и уредна работа добивме и многу нови партнерства со институции, бизнис компании и други невладини организации.

4.1 СОЦИЈАЛНА КОХЕЗИЈА И ИНКЛУЗИЈА НА ДЕЦА СО ПОМАЛКУ МОЖНОСТИ ПРЕКУ ИЗВИДНИЧКИОТ МЕТОД – поддржан од Цивика Мобилитас

Прв Скопски Извиднички Одред од септември 2017 година започна со имплементација на акцијата „Социјална кохезија и инклузија на деца со помалку можности преку извидничкиот метод“ поддржан од Цивика мобилитас, проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), кој го спроведуваат NIRAS од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) од Македонија и Шведскиот институт за јавна администрација (SIPU) од Шведска (мал акциски грант).

Целта на акцијата, како и мисија на извидниците е да се придонесе во образованието на децата преку систем на вредности врз основа на извидничкиот Метод, да се помогне да се изгради подобар свет, каде што тие се самоисполнети како индивидуи и имаат конструктивна улога во граѓанското општество.

Во рамки на проектот се организираа редовни извиднички состаноци со децата со помалку можности, вмрежување на истите кон најголемото младинско движење во светот; вклучување во процесот на неформално образование; правилен социјален, интелектуален, физички и карактерен развој кај децата како и стекнување на нови извиднички вештини.

Акцијата се спроведуваше десет месеци односно од септември 2017 до јуни 2018 година.

Клучни постигнувања:

КП1. Вмрежени и здружени повеќе од 1000 деца и млади од примарната целна група (деца од Скопскиот регион со помалку можности, маргинализирана група во која спаѓаат: деца во социјален ризик, деца без родители, деца од улица, деца со посебни потреби без разлика од етничка припадност) со повеќе од 100 деца и млади од секундарната целна група – односно извидници, членови на Прв Скопски Извиднички одред. Преку КП1 нашата организација го промовираше граѓанскиот ангажман и поттик за волонтерство и емпатија како и голем придонес кон зајакнување и вмрежување на други ГО и осврнување кон нови потреби и приоритети кои треба да ги имаат (со акцент кон ГО кои работат со деца со помалку можности. Како конкретно постигнување можеме да го наведеме и создавањето на 5 обучени лидери кои ќе започнат да работат во извидничкиот одред од септември 2018 година како волонтери во извидничката организација и формирање нови извиднички одреди во рамките на општините во кои живеат.

КП2. Креирани соработки и потпишани меморандуми за понатамошна соработка меѓу апликантот и институции и ГО кои директно работат со деца со помалку можности, односно со Интернационалното Детско СОС село, Здружението за заштита на правата на детето и Општина Центар. За време на оваа акција полека но во голем број ни се придружија 12 нови волонтери кои сакаа да се вклучат во целиот процес меѓу кои 3 волонтери од САД од програмата на Мировен Корпус и повеќе од 15 родители на деца и млади извидници членови на ПСИО. Заради големата застапеност на социјалните мрежи за акцијата се јави интерес за соработка и со други ГО (како што се Меѓаши – првата Детска амбасада, Дневниот центар за деца со посебни потреби „Свети Кирил“ како и здруженитето на граѓани Мала Река), кои самите не контактираа со желба за почнување соработка со Прв Скопски Извиднички Одред и креирање програма за заедничко учење, споделување знаење и позитивни практики и секако спроведување акции за општествено одговорени промени

КП3. Промовирана толеранција, доверба и надминување на стереотипи и предрасуди во однос на расизам, ксенофобија, антисемитизам, ромафобија, религија, етноцентризам и слично. Преку КП3 допринесовме кон голема промоција на толеранцијата и довербата дека вклучувањето на деца со помалку можности е благородна и позитивна промена во општеството, а како резултат на тоа овозможивме и нивно присуство на Национален извиднички камп кој ќе обедини повеќе од 1200 деца и млади.

4.2 ТИ СИ АТРАКТИВЕН, поддржан од Град Скопје, сектор Образование

Прв Скопски Извиднички Одред од месец мај 2018 година започна со имплементација на проектот „Ти си атрАКТИВЕН“ кој е поддржан од Град Скопје – сектор за образование и

цели подигнување на ЕКО свеста на учениците од сите средни училишта во Град Скопје на еден поинаков, креативен и иновативен начин.

Целта на проектот е да се овозможи различен и иновативен начин кон подигање на свеста кај децата и младите за здрава и чиста животна околина, про-активно одржување на чистотата на нивната непосредна животна средина, подигнување на нивото на еко едукација и мотивација за соработка и вмрежување. Овој проект има за цел и промовирање на извидниците како сервисен тим на градот Скопје кој се грижи и стреми кон чување на животната средина и конечно кон намалување на загадувањето и заложба за чисти јавни површини.

Клучни активности и постигнувања:

А1 - Организирани и спроведени 18 од предвидени 15 работилници - извиднички состаноци во 18 средни училишта во Скопје. Активностите се базираа на атрактивни и забавни делови кои се спроведуваа преку единствениот Извиднички метод на работа. Еден од основните елементи на методот е учење преку работа во мали тимови. Тек на состаноците: Пристигнување и кратко претставување на проектот и поддршката на Град Скопје, секторот за образование, презентација на тема екологија и отпад, прашалник со кој се мери еколошкиот отпечаток на учениците и нивните семејтсва и краток натпревар меѓу учениците за собирање на отпадот во и околината на училишниот двор. *Сите млади средношколци беа поканети и имаа шанса да ги посетат работилниците стреличарство, слеклајн и палење оган со помош на магнезиум организирани од страна на искусни извидници од ПСИО. Како резултат од оваа активност, која опфативме 18 средни училишта на Град Скопје и добивме повеќе од 460 мотивирани млади луѓе, подготвени за акција – веднаш, исчистени дворни површини, но и поттикнат натпреварувачкиот дух кај младите кои се повеќе се „улежани“ пред своите телефони и компјутери.

А2 – Извиднички работилници со еколошка цел. Оваа активност беше организирана во месец јуни, веднаш по завршување со дел од работилниците во средните училишта, каде беа поканети сите средношколци да дојдат и да се пробаат во некои од вештините кои се стекнуваат во извидничката организација како што се стрелање, палење оган со магнезиум, декодирање, одење по јаже и слични активности, но сепак целиот настан беше под акцент

на еколошката акција за собирање на отпадот во околината на големото езерце во Градскиот парк. На настанот присуствуваа приближно 200 деца извидници од цело Скопје и млади средношколци.

А3 - Велосипедска тура и чистење на околината на Кањон Матка и реката Треска. Оваа активност собра повеќе од 50 деца и млади од Скопје и покрај екологијата целевме кон подигнување на свеста за користење алтернативен превоз, запознавање со природното богатство кое го нуди кањонот и чиста околина. Дел од учесниците пристигнаа на локацијата со велосипеди, а дел кои не поседуваат велосипед со градски автобус. По кратка церемонија за отварање на настанот започна еко акцијата за чистење на отпадот во околината на Кањон Матка како и реката Вардар. Преку овој настан го одбележивме и нашиот празник 8ми Септември. Се собраа повеќе од 20 големи црни вреќи отпад.

А4 - Извиднички викенд работилници за средношколците со еко акција

Непосредно пред крајот на проектот Ти си атрАКТИВЕН 20 средношколци од 5 различни средни училишта на Град Скопје се собраа на падините на планината Китка, каде организиравме еколошка акција за чистење на шумата и поставување знаци за сите посетители. Се собраа преку 10 вреќи и се постави 10 патни знаци кои покажуваат правец на водопад, чешма, маркација на патека, но и знаци да не се фрла отпад и да не се загадува природата.

4.3 УЛИЧНИ ИГРИ, поддржан од Општина Центар

Активности и постигнувања

Активност 1 - Техничка подготовка.Оваа активност опфати креирање и осмислување на 10 активности и излегување на терен со креирање на мини стаза за ориентација и локација за поставување на 10 контролни точки (КТ) кои сите екипи ги пронаоѓаа со помош на карта и загатки. Откако беа утврдени КТ нашите извидници волонтери ги набавија потребните материјали за реализација на задачите и запознавање со уличните игри. Под оваа активност спаѓаа и нарачките за пехари и медали за 6 места во две категории – односно отворениот натпревар за сите деца и млади и мини ПСИО куп на кој се натпреварувааа извидниците од ПСИО. Оваа поделба беше направена само за да не предизвика раздор меѓу децата натпреварувачи од други одреди и децата од матичниот одред кој го организира и спроведува настанот. Активноста ја спроведуваа

извидниците – истражувачи од нашиот извидничкиот одред со поддршка и надзор на повозрасните.

Активноста 2 го опфати викендот во кој е вклучен и денот на одржување на натпреварот. Оваа активност ја спроведе целиот одред со вкупно 13 волонтери и 30 млади, но и 10 родители волонтери. Тимовите беа однапред со поделени обврски. Едниот тим беше задолжен за набавка на храна и освежителни пијалоци за сите учесници, навремено пристигнување на точната локација и местење на потребните реквизити и секоја останата логистичка работа во врска со свеченото отварање и затварање на настанот. Тимот задолжен за реализација на контролните точки (КТ) беше задолжен и одговорен за опремата потребна за реализација на КТ и останата опрема за мерење и запишување на бодови освоени од сите екипи. По завршување на натпреварот следеше свечено затварање и прогласување на победниците на Улични игри 2018.

Активноста 3 беше спроведена од страна на возрасните извидници кои организираа мала прослава за извидниците по повод успешно завршена активност. Оваа прослава беше организирана во нашата просторија, која се наоѓа во Општина Центар, близу паркот. Овој дел од проектот е особено важен како стимулација и мотивација за во иднина младите и 5 волонтерите да сакаат повторно да се вклучуваат во создавање на општествени промени кои се корисни за нашата заедница.

4.4 ПАТЕНТИРАЈ ПАРТНЕРСТВО, поддржан од Европска Унија, регрантиран од Здружение Конект

Овој проект ни даде можност да преку нашиот единствен метод на работа направиме промени на локално ниво, да го подигнеме младинскиот активизам и да ја поттикнеме меѓусекторската соработка на повисоко ниво, како добра практика. Преку оваа соработка меѓу ГО и бизнис компанија и самите ние бевме поттикнати да се ангажираме во поглед на барање поддршка за спроведување на наши иницијативи кои се од општествено корисен карактер. Веруваме дека преку овој проект имаме можност не само да го споделиме нашето искуство, туку и да ги запознаеме другите ГО и бизнис компании кои ќе/или веќе имаат изградено добар однос и успешна соработка. За нас овој проект и мисија имаат важна улога и во поттикнувањето на понатамошна соработка со локалните власти и други релевантни чинители од нашата заедница.

Клучни резултати и постигнувања

1. Остварена меѓусекторска соработка со партнер компанијата и отворени врати за соработка со уште 4 компании кои по успешната соработка овозможена од партнерот изразија желба за понатамошно поддржување на извиднички активности како активности кои придонесуваат кон правилен развој на децата и младите.

2. Вклучени повеќе од 1500 деца и млади во активностите низ текот на целиот период на имплементација на проектот. Овие млади се стекнаа со нови знаења низ кои се вежба социјалниот, физичкиот и карактерниот развој кај нив, научија што значи меѓусекторска соработка и зошто е важна да постои и како може да и служи на заедницата.

3. Обучени 10 волонтери за водење на логистика за настани, организирање неформални состаноци за презентирање меѓусекотрска соработка и обучени 3 волонтери за водење финансии и познавање од сметководствена дејност.

4. Имплементирани 30 работилници за пионерство преку кое се вежба одговорност, внимателност, прецизност и се стекнуваат здрави работни навики. Преку овие работилници се крева свеста за општествена одговорност и помагање.

4.5 МЕЃУКУЛТУРЕН ДИЈАЛОГ ВО ДВИЖЕЊЕ, поддржан од Фондација Отворено општество, Македонија

Целта на овој проект беше подигнување на свеста за меѓукултурен дијалог и негово пренесување преку живеење во заеднички камп и користење на сите за природа достапни ресурси.. Очекуваниот резултат од проектот е активни и обучени млади кои ќе се залагаат да го пренесат наученото и ќе шират и пренесуваат позитивни практики на своите врсници. Резултатот ќе го постигнеме преку соработка со извидничка организација од Кичево и дневен центар за деца Роми од улица и ќе организираме креативен подвижен камп во природа на сосема друга локација од седиштето на овие организации. Имено на кампот не само што ќе се организираат низа работилници на темата туку и самите учесници ќе делат живеалиште и сами ќе ја подготвуваат храната, а ќе користат и алтернативен превоз за стигнување на камп локациите. Сметаме дека најдобри резултати од сите теории за различни култури се постигнуваат преку практична имплементација и ставање себе си во поинакви улоги и ситуации.
Постигнати резултати
1.Вмрежани 26 млади и подигната свеста на меѓуклтурен дијалог и подигната свест кај младите, како извидништвото го поддржува меѓукултурниот дијалог и како тие можат да го шират истото и пренесат знаењето

2.Обучени млади од различни националности што е дијалог, култура, а што меѓукултурен дијалог и како извидништвото го поддржува меѓукултурниот дијалог преку своите активности и годишна програма

3.Подготвени 26 млади да одржат работилница и да го пренесат стекнатото знаење

4.Вмрежани 67 млади од 11 различни организации и тоа од Вардарски, Источен, Југозападен, Пелагониски, Североисточен и Скопски регион и подигната свеста за меѓуклтурен дијалог

5.Подигната свест кај младите, како извидништвото го поддржува меѓукултурниот дијалог и како тие можат да го шират истото и пренесат знаењето

6.Одржани активности/работилници на тема што е дијалог, култура, а што меѓукултурен дијалог и како извидништвото го поддржува меѓукултурниот дијалог преку своите активности и годишна програма

7.Пренесено стекнатото знаење од млади на млади

8.Подигната свест кај учесниците за користење на природа и излегување надвор од секојдневието и технологијата

9.Обучени нови 30 млади за организирање активности во природа кои можат да ги користат како алатки за меѓукултурно учење, социјално времжување и зајакнување на младите

10.Создадени вредности и постигнати нематеријални резултати директно од млади за млади без оглед на нивната социо-економска позадина преку развивање на тимска работа меѓу учесниците

4.6 БИДИ ЕКО, реализиран и поддржан во соработка со ГЕТЕ Институт

Прв Скопски Извиднички Одред започна со целосно подигнување на ЕКО свеста на учениците на основните училишта на поинаков, иновативен и креативен начин, но овој пат

заедно со Гете Институт. Целта на оваа активност е подигнување на нивото на еко едукација и мотивација за соработка и вмрежување, исто така про-активно одржување на чистотата во нивната животна средина преку мал компетативен натпревар заедно со кратка работилница. На работилницата учениците изработуваат мал еко систем каде во него најдоле ставаат камчиња, земја, малку мов, некое мало но цврсто во корења растение и на крај вода.

Акцијата се состаоше од посета на 3 основни училишта во кои се организираа 6 еко работилници.

5. ПСИО во медиумите

Оваа година имавме гостување во ТВ и радио емисији, снимени неколку ТВ прилози, а нашите активности на сите полиња ги забележаа и доста интернет-онлајн сервиси на национални телевизии, дневни весници, неделни магазини, портали за наши и странски вести.

Извор и наслов на веста	Кратка инфомација и линк
Радио МОФ Извидниците во мисии за „Добро дело 2018“ 26.02.2018	Посветеност за општествено корисни активности и определбата за вклучување на извидниците од сите возрасни категории, велат од ПСИО, придонесоа за голем одзив кај сите нивни членови, кои максимално се потрудија сите активности да бидат успешни но и многу атрактивни. Линк до веста
karas4training ИЗВИДНИЦИТЕ ВО МИСИИ ЗА ДОБРО ДЕЛО 2018 26.02.2018	Годинава, јато Фикуси го посети дневниот центар за деца на Меѓаши во населбата Аеродром. Во оваа институција сме прв пат и запознавме многу нови деца со извидништвото во Македонија и со активностите кои ги правиме. Им покажавме неколку интересни извиднички вештини, но организиравме и кул полигон кои го минуваа преку натпревар. Линк до веста
Ќеиф.мк Извидниците на почетокот на 2018 година во мисии за добро дело! Направи ли и ти добро дело? 27.02.2018	Патролата Рисови беше активна и своето добро дело го посветија на уличните кучиња, обезбедувајќи им храна во овие ладни денови. Во ова хумано дело им се придружија и развигорците Каја, Шериф и Тео кои изразија желба да бидат дел од оваа интересна активност. Веста за ова добро дело медиумски ја подели и Светската извидничка организација како пример – што се активни извидници и грижа за заедницата. Линк до веста
PSIO.org.mk Извидниците во служба на заедницата Добро дело 2018 02.03.2018	Меѓу низата акции за Добро дело спроведени од ПСИО, традиционално СИМ организираше Дарување крв со што им даде можност на сите хумани луѓе да помогнат. На оваа акција голем одзив имаше и од родителите на извидниците и сите волонтери кои безресервно им помагаат во мисијата при правење на светот подобро место за живеење.

Извор и наслов на веста	Кратка инфомација и линк
	Линк до веста
Facebook - Ajetja Rexhepoviq Balagodarnost do Prv Skopski Izvidnichki Odred shto me udostoi so	Линк до веста 18.02.2018
Facebook World Organization of the Scout Movement – WOSM 21.02.2018	Scouts in мк the former Yugoslav Republic of Macedonia started their #ScoutFoundersDay good turn early, caring for neighbourhood dogs and reinforcing their role in community Founder's Day is 22 Feb! Share your celebrations with the hashtag #ScoutFoundersDay Линк до веста
Дневен Центар за деца на улица - Шуто Оризари	Валентин, Диего и Мендо заедно со извидниците од Македонија ќе се запознаат со дијалог за мир на меѓукултурниот камп во движење кој се одржува на релација Галичник - Лазарополе во организација на Прв Скопски Извиднички Одред. „Една недела на камп во природа е еднаков на шест месеци теоретска настава во просторија“ Link to the source
Радио МОФ **Меѓукултурен камп во движење**	„Целта на кампот беше да се доближи улогата на неформалното учење / образование во однос на меѓукултурниот дијалог и да се создадат простори и услови за младите при разбирањето и надминувањето на постоечките стереотипи и предрасуди, да бидат отворени и мотивирани да соработуваат за подобро, поправедно и повеќе инклузивно општество. Link to the source
Kicevo.daily.mk **[Галерија] Меѓукултурен камп во движење**	Преку овој петдневен камп во природа, велат тие, ја подигнале свеста за меѓукултурен дијалог и негово пренесување преку живеење во заеднички камп и користење на сите (за природа достапни) ресурси. Како резултат од настанот произлегоа активни и обучени млади кои ќе се залагаат да го пренесат наученото и ќе шират и пренесуваат позитивни практики на своите врсници. Link to the source
First Scout Unit of Skopje **Меѓукултурен камп во движење**	Според извидниците, живееме во меѓукултурно општество каде младите имаат право да знаат и да учествуваат во процесот на градење и подобрување на истото и да заземат активна улога во пренесување на добри практики. Link to the source
Psio.org.mk **Меѓукултурен камп во движење**	Прв Скопски Изивднички Одред како најстар во нашата република годинава во период од 26 до 30 август организираше меѓукултурен камп во движење на релација Галичник – Лазарополе. На кампот присуствуваа вкупно 26 учесници и 4 тренери кои се погрижија програмата да тече во најдобар тек и младите да останат мотивирани за пренесување на стекнатите вештини во иднина. Link to the source
Facebook **IO Mirko Mileski**	Нашите извидници во период од 26 до 30 август присуствуваа на меѓукултурниот камп во движење организиран од Прв скопски извиднички одред (ПСИО) на релација Галичник – Лазарополе.

Извор и наслов на веста	Кратка инфомација и линк
	Link to the source
Тв СИТЕЛ	Гостување на ТВ емисија и разговор за меѓукултурниот камп во движење и престојните 3 работилници од млади за млади Дата: 06.09.2018 Час: 09.30 Тема: Проект – Меѓукултурен дијалог во движење Link to the source
Karas4training	Целта на кампот беше да се доближи улогата на неформалното учење / образование во однос на меѓукултурниот дијалог и да се создадат простори и услови за младите при разбирањето и надминувањето на постоечките стереотипи и предрасуди, да бидат отворени и мотивирани да соработуваат за подобро, поправедно и повеќе инклузивно општество. Link to the source
Тв СИТЕЛ Извидниците со ЕКО акција по повод денот на независноста на Македонија 8ми Септември **Датум: 11.09.2018**	Извидниците од Прв Скопски Извиднички ја одбележаа независноста на Република Македонија со еколошка акција во пределот кај Кањон Матка. Повеќе од 50 извидници распределени во две групи, едни со велосипеди, други со автобус за 8ми Септември се организираа да ја исчистат најатрактивната дестинација во Скопје. Link to the source
Факултети.мк Извидниците со ЕКО акција по повод денот на независноста на Македонија 8ми Септември **Датум: 08.09.2018**	Повеќе од 50 извидници распределени во две групи, едни со велосипеди, други со автобус за 8ми Септември се организираа да ја исчистат најатрактивната дестинација во Скопје. Преубавата Матка како и реката Треска ги затекнавме удавени во секаков отпад - од пелени, до стаклени шишиња, чипсови, лименки, кутии од цигари во изобилство и друг пластичен отпад. Link to the source
Нова Македонија Извидниците ја светнаа Матка **Датум: 08.09.2018**	Преполни со лутина и неразбирање како може некој човек свесно и без никаква почит спрема природата туку така само да фрла ѓубре каде и да стигне извидниците започнаа со остварување на својата мисија и за само еден час собраа повеќе од 20 вреќи од по 110л. отпад од Кањон Матка и дополнителни 6 од самта река Треска – велат извидниците. Link to the source
Karas4training.mk Извидниците со еко акција по повод денот на независноста на македонија 8ми Септември **Датум: 11.09.2018**	Извидниците од Скопје АПЕЛИРААТ до сите граѓани, но и надлежни служби да бидат повнимателни и да престанат да го загадуваат нашиот град, доколку во близина не најдат канта за отпадоци да се воздржат и отпадот да го причуваат во својот џеб. Ние ќе продолжиме со нашите акции за чиста и зелена околина, а Вас Ве замолуваме кога излегувате од својот автомобил отпадокот од тип на мастики, цигари и чоколадца да не го фрлате на земја. Link to the source
Тв СИТЕЛ Гостување на тема активности на ПСИО **Датум: 06.09.2018**	Гостување на утринска емисија и презентација на тековни проекти и активности на ПСИО Link to the source
Psio.org.mk	Страна посветена на целиот проект Link to the source

Извор и наслов на веста	Кратка инфомација и линк
Град Скопје_Ти си атрАКТИВЕН	
Deca.mk Децата-извидници учат како да бидат самостојни, да делат и да работат тимски 29.04.2018	Јанковиќ објаснува дека интересот за извидници е голем, и кај децата и кај родителите. Извидничката година во ПСИО почнува во септември, кога се формираат групите. – Моментално веќе има повеќе од десет деца кои се на т.н. „листа на чекање“. Нашиот одред брои 110 активни деца извидници на возраст од 6 до 16 години и 13 волонтери-водачи. Link to the source
Civica mobilitas ПРОЛЕТЕН ИЗВИДНИЧКИ БИВАК – ШУМСКО ДОМЧЕ 2018 09.05.2018	На 29 мај се одржа организирана акција за чистење отпад на околината на Мала Река, каде заедно со локалните жителите успејаа да соберат многу ѓубре кое беше пренесено на соодветен отпад. На 30 мај извидниците се поделија во две групи и заминаа на хајкови – планинарење, прошетки во шума, кои беа исполнети со поминување и градење мостови на река, искачување на стрмно брдо, уживање во глетката на блискиот водопад и многу песни и игри по пат. Link to the source
Radio bubamara ШУМСКИ СВИРАЧИ – ЗЕЛЕНА РОДЕНДЕНСКА ЗАБАВА СО РАДИО БУБАМАРА 14.05.2018	Перперминт, Синтезис, Гуру Харе, Пепи Ренџов, Владимир Мартиновски, Принц, Џокси, маестро Мишел Трајковски – во длабоките сенки на парк шумата , пееја, свиреа и се веселеа со планинарите – под мотото – Да ја распееме природата! Во акцијата за чистење на планинарските патеки се вклучија извидници од ПСИО, екологисти и планинари и сите кои ги препознаваат вредноста и значењето на Водно за Скопје. Link to the source
http://psio.org.mk ПСИО календар	За сите вас извидници, волонтери, родители, поддржувачи на извидници, нашите извидници и оваа година го креираа единствениот долгоочекуван календар со извиднички мотиви, каде се претставени наши активности и извидници. Календарот ќе биде достапен за сите извидници и ќе може да си го земете од Домче, а за сите останати е слободен да си го испечатите. Link to the source
Civica mobilitas УЛИЧНИ ИГРИ – ПРОЛЕТНИ БАКНЕЖИ, ПРЕГРАТКИ 2018	Како и секогаш, највозбудливата акција за сите развигорци и помлади извидници до 13 години - ПРОЛЕТНИ БАКНЕЖИ, ПРЕГРАТКИ 2018 со тема Улични игри. Натпреварот е наменет за сите извидници од 7 до 13 години во мешан состав од 4 извидници. Link to the source
Pres.com.mk Вредна донација од Гете Институтот за ОУ „Григор Прличев“ 18.12.2018	Изминатата недела Гете Институт во соработка со „Прв извиднички одред“ од Скопје организираше еко-работилница, чија цел беше подигнување на еколошката свест на учениците и изработка на мал еко систем. Link to the source
Tvm.mk „ГЕТЕ ИНСТИТУТОТ“ ОД СКОПЈЕ СО ВРЕДНА	Денес беше организирана еколошка работилница во ОУ „Григор Прличев“ во соработка со „Прв скопски извиднички одред“. Во работилницата учениците изработија мал еко

Извор и наслов на веста	Кратка инфомација и линк
ДОНАЦИЈА ЗА ОУ „ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“ 14.12.2018	систем, а истиот го објасни Снежана Јанковиќ од „Прв скопски извиднички одред“. „Тоа претставува еден круг на живот, односно во тегличките треба да стават, камчиња, земја, мов, и едно растение и сето тоа да се полее со вода и да се затвори. Учениците ќе видат што е тоа еко систем и како функционира“ објасни, Снежана Јанковиќ - „Прв скопски извиднички одред“. Link to the source
Exo фестивал на планински филм 22.11.2018	Извиднички одред на проекциите на EXO Link to the source

6. Волонтери во ПСИО

Бр.	Име и презиме	Функција во Прв Скопски Извиднички Одред
1.	Зоран Шиљковски	Старешина
2.	Снежана Јанковиќ	Началник, координатор на проект, Водач на јато Кактуси и патрола Кобаја
3.	Бојан Ѓошев	Водач на јато Бамбуси
4.	Димитар Ставрев	Водач на јато Бамбуси
5.	Софија Илиевска	Водач на јато Бонсаи
6.	Ивана Манчевска	Водач на јато Коприви
7.	Владимир Камбовски	Водач на јато Коприви
8.	Мартина Тасева	Водач на јато Трски
9.	Николај Василев	Водач на јато Орхидеи
10.	Зоран Ристовски	Водач на јато Орхидеи
11.	Димитар Чакар	Асистент на проект, водач на јато Фикуси
12.	Виктор Гилев	Асистент на проект, водач на патрола Рисови
13.	Димитар Тануровски	Водач на патрола Лилјаци
14.	Иван Велкоски	Водач на патрола Бувови
15.	Демјан Анатоли Голубов	Волонтер
16.	Сара Крајчевска	Волонтер
17.	Миа Настев	Волонтер и помошник водач на јато Кактуси

БИДИ ПОДГОТВЕН!